Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 - 43/1
година
09 -01- 2026

Постапувајќи по претставката бр. 08-583/1 од 21.07.2025 година, поднесена од ----- од Скопје за заштита од дискриминација врз основ на сексуална ориентација и образование во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на сексуална ориентација и образование врз лицето ----- од Скопје, од страна на -----, во областа на работата и работните односи.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 21.07.2025 година, ----- со адреса на ул. -----, Скопје (во натамошниот текст: подносителот), до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) поднесе Претставка бр. 08-583/1.

Подносителот наведува дека по 18 месеци работа во -----, на работно место Финансиски контролор во хотел ----- и притоа без ниту една опомена или казна во изминатиот период, без никакво образложение не му бил продолжен договорот за вработување на определено време, а кој завршил на 19.06.2025 година. При промена на управувачките органи во март 2025 бил повикан на разговор со новиот управен одбор од страна на членот ----- и Претседателот -----, на кој разговор наведува дека му биле поставувани лични прашања за неговиот брачен статус, поврзаност со одредени лица и ниво на образование. Притоа, подносителот истакнува дека има стекнато степен на образование доктор на науки. Потоа, како што наведува, следеле неколку тенденциозни посети од страна на ----- во канцеларијата во која работел, на кои посети му кажувал дека не го сака веќе во компанијата и да ја напушти работата, притоа попречувајќи го во секојдневните работни задачи и вршејќи мобинг врз него. На истиот начин постапувал и на работните состаноци пред останатите колеги посочувајќи дека подносителот не си ја знаел работата и дека не треба да работи веќе таму, односно дека тој веќе не го сакал во таа компанија. Подносителот истакнува дека иако јавно не се претставувал себеси како лице со поинаква сексуална ориентација во компанијата, бидејќи сметал дека тоа не игра улога во професијата, сепак дел од колегите ја знаеле, затоа што самиот тој им ја соопштил, вклучувајќи ја и дотогашната Генерална Директорка на хотел -----. Понатаму, наведува дека на 12.05.2025 година, по работното

време во 16:15 часот, -----го повикал кај него во канцеларија, со мобинг и образложение дека не сака веќе да има вработен како него во компанијата кој тој ја води и дека му понудил да потпише спогодба за раскинување на договор, која и покрај настојувањето подносителот не ја потпишал. Потоа, -----додал дека нивото на образование на подносителот не било соодветно на работата која ја работел, посочувајќи се себеси како магистер на позицијата Претседател на Управен одбор, по што според подносителот, тој почнал и да го навредува со зборовите „ти не си работник, ти си фолирант, ништо не работиш тука, само се шеташ по ходници, тоа што Директорката толерира и ти дала канцеларија сам да си во неа, такви како тебе ја не сакам да работат тука" (според подносителот, тоа се однесувало на сексуалната ориентација), па додал „или ќе потпишеш сега тука или да знаеш дека нема да ти го продолжам веќе договорот, од утре да не те гледам веќе во оваа фирма, оди на одмор". Наредните денови мобингот од негова страна бил се по изразен, на колегите им посочил да не комуницираат со него, ја надгледувал канцеларијата во која работел подносителот и почнал да врши притисок и кон Директорката кој кулминирал со влошување на нејзината здравствена состојба. Подносителот, по таквите случувања и неподнесувајќи го притисокот заминал на одмор на 19.05.2025 година, според него присилно искористувајќи денови од стар одмор 2024 година и нов за 2025 година, се до истекот на договорот на 19.06.2025 година. Наведува дека месечниот надоместок за јуни му го исплатил со намалување од скоро 60% за кое дополнително пријавил во Државниот инспекторат за труд. Смета дека таквото однесување од претпоставено лице не е соодветно и со тоа се прекршува неговото право на лично убедување, притоа никако не нарушувајќи го работниот процес во хотелот и целата компанија.

Во прилог во слики доставува решенија за користење на годишен одмор, одлука за престанок на работен однос и електронска пријава до Државен инспекторат за труд.

----- на 1.10.2025 година, со Допис бр. 03-4947, се изјасни за наводите од претставката. Наведуваат дека изнесените тврдења во претставката од страна на подносителот се целосно неточни и неосновани. Укажуваат дека подносителот не доставил никакви докази во поткрепа на наводите и истакнатиот основ, односно дека наводите се исклучително субјективни впечатоци на подносителот на претставката кои не кореспондираат со реалноста. По однос на сексуалната ориентација на подносителот на претставката како прв основ за дискриминација, напоменуваат дека ----- и овластените лица кај него (посочените поранешен претседател и член на Управен одбор на Друштвото), за прв пат дошле до сознание за таквата околност при приемот на Претставката. Наведуваат дека во евиденцијата на Друштвото и во персоналното досие на подносителот на претставката кој е поранешен вработен, нема ниту еден податок за неговата сексуална ориентација, ниту пак некогаш некој побарал од него таква информација. Тоа го потврдил и подносителот во неговите наводи, кога истакнал „Иако не се представував себеси како лице со поинаква сексуална ориентација во компанијата бидејќи сметам дека тоа не игра улога во професијата, сепак дел од колегите ја знаеа бидејќи самиот им ја соопштив вклучувајќи ја и дотогашната Генерална Директорка на -----". Според тоа, наведуваат дека таквиот навод јасно кажува дека, ниту лицето -----, тогашен претседател на

Управниот одбор на Друштвото, ниту лицето ----- тогашен член на Управен одбор на Друштвото кои се споменати во Претставката, воопшто не биле информирани за сексуалната ориентација на подносителот на претставката. Подносителот на претставката не го посочува идентитетот на лицата на кои им ја соопштил таквата околност, но јасно кажува дека тоа биле негови колеги, а не и горенаведените лица кои биле негови претпоставени. Од претпоставените, подносителот на претставката го посочил само поранешниот раководител на подружница -----, ----- која немала ниту елементарна комуникација со претпоставените членови на Управниот одбор и никогаш не им ја соопштила таквата информација за подносителот на претставката. Следствено, наведуваат дека од тоа како се формулирани наводите во претставката, се создава впечаток дека истата е поднесена без било какви докази и само со изнесени субјективни впечатоци и е изготвена во координација токму со поранешниот раководител на подружница -----, ----- која според подносителот на претставката наводно ја знаела сексуалната ориентација на подносителот на претставката. Таквиот впечаток се создал имајќи ја во предвид близината на подносителот на претставката со поранешниот раководител на подружница -----, како и согласно временскиот период кога се случил настанот посочен во Претставката 12.05.2025 година, кога поранешниот раководител на подружница -----, ----- е разрешена од менаџер на подружница. Во таа смисла, наведуваат дека меѓу лицата кои ја знаеле сексуалната ориентација на подносителот на претсавката не се ни поранешниот претседател на Управен одбор, -----, ниту членот на Управен одбор, -----, што значи, не постоела никаква можност да го дискриминираат подносителот на претставката по овој основ. Понатаму, истакнуваат дека подносителот опишувал состанок во март 2025 година кога бил повикан од членовите на новиот Управен одбор на Друштвото кои тогаш биле именувани на наведените позиции и изведува заклучок дека бил дискриминиран на основа на сексуална ориентација, но повторно без да даде било каков податок или доказ на кој начин тоа се случило. Во однос на тоа дека претседателот на Управен одбор, ----- повремено го посетувал во канцеларија, го попречувал во секојдневните работи и вршел мобинг врз него, укажуваат дека таквите наводи се невистинити и неосновани, а дека до денот на нивното произнесување со горенаведениот допис, немало ниту пријава до друштвото како работодавач за било каков мобинг, ниту тужба пред надлежен суд по тој основ. Воедно, наведуваат дека нема ниту било каков доказ доставен во поткрепа на таквото тврдење.

Во тој поглед, истакнуваат дека реалната фактичка состојба е дека поранешниот претседател на Управниот одбор, ----- по неговото именување, лично го поканил подносителот на претставката да учествува на утринските состаноци заедно со другите раководители на сектори во Хотел „-----“. Според нив, за таквиот потег, самиот подносител на претставката бил благодарен, бидејќи претходно немал можност да учествува на тие состаноци и да се интегрира во колективот, а поради тоа се чувствувал игнориран. Наведуваат и дека самиот подносител е контрадикторен во наводите за настанот кој се случил на 12.5.2025 година, бидејќи на средбата самиот истакнува дека му било укажано дека има слаби лични перформанси во поглед на извршувањето на работните задачи, дека се очекувало од него да работи подобро, а дека работниот

перформанс не може во никој случај да се доведе во врска со сексуалната ориентација. По однос на вториот основ, образованието на подносителот истакнуваат дека работното место „финансиски контролор“ на кое бил подносителот на претставката додека засновал работен однос на определено време во Друштвото, генерално не постои во хотелите, а не постои ниту со опис на работни задачи во подружницата -----. Наведуваат дека на споменатото работно место, подносителот на претставката извршувал задачи кои се составен дел од работата на келнерите, како што е средување на дневниот промет од продажбата во аперитив барот и ресторанот. Во другите подружници (хотели) на Друштвото, такво работно место воопшто не постои, а истите задачи ги извршувале келнерите за готовинска наплата и шефовите на ресторан за фактури. Оттука, истакнуваат дека работното место „финансиски контролор“ со горните работни задачи е невообичаено и се покажало како непотребно, поради што во идната систематизација на Друштвото планирано било да биде и целосно изоставено. Па наведуваат дека за посоченото работно место Друштвото апсолутно немало никаква потреба, а истото не налагало поседување на степен на образование - доктор на науки, односно дека хотелскиот сектор не е ниту академска ниту научна област и дека не постојат работни места што бараат докторска дисертација. Додека и оние што изискуваат високо образование се ретки и сочинуваат помалку од 5% од вкупниот број на работни позиции. Според тоа, друштвото и поранешниот претседател на Управен одбор не сториле ниту можеле да сторат било каква дискриминација врз основа на образование. Следствено, наведуваат дека подносителот не наведува никаков компаратор во однос на кој бил доведен во понеповолна положба, па и не можело да стане збор за дискриминација. Наспроти тврдењата на подносителот на претставката, реалната фактичка состојба говорела дека подносителот на претставката бил интегриран во колективот од страна на Претседателот на Управен одбор, -----, истиот лично го канел да учествува на утринските состаноци заедно со другите раководители на сектори во ----- што претходно не било случај и подносителот на претставката поради тоа се чувствувал игнориран. Во однос на наводите дека на подносителот му била намалена платата, известуваат дека Државниот инспекторат за труд извршил инспекциски надзор по пријава на подносителот на претставката и не утврдил никакви неправилности во работењето на друштвото во поглед на работниот однос на подносителот на претставката и неговиот престанок. Наведуваат дека Друштвото целосно го испочитувало договорот за вработување со подносителот на претставката и истиот не бил раскинат еднострано по барање на работодавачот, туку работниот однос престанал со истекот на времето за кое беше засснован, а беа испочитувани сите законски обврски, вклучително и користење на годишен одмор од страна на подносителот на претставката и исплата на плата според договорот, заклучно со последниот ден од работниот однос. Дополнително истакнуваат дека по престанокот на работниот однос на подносителот на претставката кај Друштвото, тоа работно место не било пополнето со нов вработен и истото е во план да биде укинато од систематизација на работните места во Друштвото.

Во прилог во копии доставуваат:

- Одлука за разрешување на менаџер на подружница ----- од 14.05.2025 година;

- Договор за работа склучен помеѓу Друштвото и подносителот на претставката;
- Записник за извршен инспекциски надзор -----.

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, „Се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа (во натамошниот текст: дискриминаторска основа).".

Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, „претставува секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.".

Директна дискриминација согласно член 8 став 1 од Законот, „постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.".

Согласно член 26 од Законот, „подносителот на претставката кој тврди дека во согласност со одредбите на овој закон е сторена дискриминација е должен да ги изнесе сите факти што го прават тврдењето веројатно. Доколку Комисијата утврди дека тврдењето е веројатно, тогаш товарот на докажување преминува на лицето против кое е поднесена претставката.".

Имајќи ја во предвид фактичка состојба согласно изнесените факти во претставката и изнесените факти и докази од страна на работодавачот, Комисијата не утврди дека е сторена дискриминација кон подносителот врз основа на сексуална ориентација и образование од страна на -----. Комисијата не ги сметаше за веројатни тврдењата на подносителот при утврдување на фактичката состојба, а фактите и околностите изнесени од двете страни ги ценеше подеднакво, без товарот на докажување да биде преминат на страната на потенцијалниот дискриминатор во смисла на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Имено, за да постои дискриминација во согласност со член 6 и член 8 став 1, а во врска со член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, потребно е да бидат исполнети одредени услови, односно постоење на релевантен дискриминаторски основ, релевантна споредлива ситуација и повреда на право. Следствено, Комисијата не утврди конкретна повреда на право на подносителот, во смисла на тоа дека на истиот му е повредено одредено право од работен однос. Истиот во согласност со закон го остварил правото на годишен одмор и правото на плата, а договорот за вработување на определено време истекол со доаѓање на определениот датум во него. Наведените основи, сексуална ориентација и образование, за Комисијата не се причинско-последично поврзани со наведените дејствија на

работодавачот. Ова од причини што подносителот на ниту еден начин не ја стори веројатна каузалноста на овие дискриминаторски основи со одредени постапувања на работодавачот и одговорните лица кај него, односно не истакна факти од кои јасно ќе се увиди дека сексуалната ориентација на било кој начин им била обзнанета на посочените лица, а дека неговото образование било мотив за одредени постапки на истите или дека заради истото договорот престанал да важи и/или не му бил понуден нов договор.

Оттука, Комисијата согласно горенаведеното, одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Заменик претседател,
Зекир Абдулов

*Доставено до:*

- *Подносителот*
- -----
- *Архива на КСЗД*